## ЗАШТИТЕТЕ ГО ВАШЕТО ДЕТЕ



Вакцината ќе помогне да го заштитите Вашето дете против грип и сериозни компликации како што се бронхитис и пневмонија.

## ПОДОБРО Е ОТКОЛКУ ДА СЕ РАЗБОЛИ ОД ГРИП!

## ЗАШТИТЕТЕ СЕ ВИЕ, ВАШЕТО СЕМЕЈСТВО И ПРИЈАТЕЛИТЕ

Вакцинирањето на Вашето дете ќе помогне да ги заштите бабите и дедовците, почуствителните членови на семејството и пријатели кои не можат да се вакцинираат.

## ЗОШТО ДЕТЕТО ТРЕБА ДА СЕ ВАКЦИНИРА СЕКОЈА ГОДИНА?

Вирусите на грип постојано се менуваат и не е невообичаено да се појави нов тип на грип секоја година. Вакцинирањето пред секоја сезона е единствен и најсигурен начин на превенција од грип.

# ВАЖНО!

Деца на возраст од 6 месеци до 5 години, како и деца постари од 6 месеци со хронични заболувања може бесплатно да се вакцинираат против грип!

Децата под 9 години, доколку првпат се вакцинираат се препорачува да примат две дози во интервал од 4 недели, а потоа продолжуваат да се вакцинираат еднаш годишно.

## ЗАКАЖЕТЕ ВАКЦИНАЦИЈА ПРЕКУ ВЕБ ПЛАТФОРМА!

Закажувањето за бесплатните вакцини се одвива преку веб страната:

**www.vakcinacija.mk**

Со пополнување на формата, се регистрирате за вакцинација, директно во системот Мој Термин. По пат на СМС порака, ќе добиете информација за точниот датум и час за вакцининација на пунктот кој ќе го изберете при регистрацијата.

Дополнително, комерцијална вакцина против сезонски грип може да добиете во најблискиот Центар за јавно здравје без претходно закажување.

Република Северна Македонија
Министерство за здравство
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Shëndetësisë
PIVI THE TASK FORCE FOR GLOBAL HEALTH
This work is supported by PIVI

## Што знаеш за ГРИП?

## Како најдобро да го заштитиш твоето дете?

# ВАКЦИНИРАЈ ГО!



## ЗОШТО МОЕТО ДЕТЕ ТРЕБА ДА ПРИМИ ВАКЦИНА ПРОТИВ ГРИП?

Грип е заболување кое го предизвикува вирусот на грип ги зафаќа горните дишни патишта (нос и грло), а во потешките форми и долните дишни патишта (бронхиите). Грипот може да биде многу непријатна болест кај децата предизвикувајќи покачена температура, замор, болки во мускули и зглобови, затнат нос, сува кашлица и болка во грло. Децата почнуваат да се чувствуваат подобро после една недела. Некои деца може ќе треба да се примат во болница.

## КОИ СЕ ПРИДОБИВКИ ОД ВАКЦИНАТА?

Децата на возраст под 5 години имаат највисока стапка на прием во болница поради грип!
Исто така, ќе се намалат шансите на другите членови во Вашето семејство да заболат како што се бабите, дедовците или оние со хронични заболувања.
Тоа може да ви помогне да избегнете земање на боледување од работа или други активности за да се грижите за Вашето дете или ако самите се разболите од грип.

## КАКО СЕ ПРЕНЕСУВА ГРИП?

Грипот е заразно заболување кое се шири директно од човек на човек, главно преку ситните капки кои ги исфрла заразениот човек при кашлање и кивање или индиректно преку контакт со околните површини кои ги допирал или предмети со кои се служел.

Симптомите на заболувањето се јавуваат 1 до 4 дена откако вирусот навлегол во телото. Најголем дел од лицата може да го пренесат вирусот на друг, 1 ден пред да се појават симптомите и 5-7 дена откако болеста се манифестирала. Ова значи дека човек може да го пренесе вирусот пред да знае дека е инфициран.



## ДАЛИ МОЖЕ ДА СЕ ДАДЕ ВАКЦИНА ПРОТИВ ГРИП ВО ИСТО ВРЕМЕ СО ДРУГИТЕ ВАКЦИНИ?

ДА. Вашето дете може да ја прими вакцината за грип заедно со другите задолжителни вакцини.

## ДАЛИ ИМА НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ ОД ВАКЦИНАТА ЗА ГРИП?

Несаканите ефекти од вакцините против грип се благи во споредба со потенцијално сериозните последици од инфекција со вирусот на грип.
Најчест несакан ефект е локална реакција на местото на апликација во вид на болка, осетливост, црвенило и/или оток. Може да се појави главоболка, замор, потење, губење на апетит, раздразливост, стомачна болка или пролив. Но, истите се самоограничувачки и поминуваат за 24 до 48 часа.

**! Вакцинацијата е најефикасен начин да се спречат компликациите од грип.**